**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на 92 седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јули 1998 година**

**Скопје, јули 1998 година**

**4- ( ЧЕТВРТО) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД - 92 ( ДЕВЕДЕСЕТ И ВТОРА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1. јули 1998 г.)**

**Дискутанти:**

**1. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1..( Води седн.)**

**- КРАЈ –**

**Дневен ред:**

**Точка 2- стр.1 - Предлог на Амандман III на Уставот на РМ донесен на стр.2**
**Точка 3- стр.3 - Предлог за доне. на Закон за парнична постапка, со Пред. на Закон**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртото продолжение на 92 седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јули 1998 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Ристо Марковски, Борис Павлов и Душан Данев ме известија дека од оправдани причини не се можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Точката два од оваа седница е, како што знаете - Усвојување и прогласување на Амандманот III на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Амандманот III на Уставот на Република Македонија, Ви е поделен..

Според членот 131, став 3 од Уставот на Република Македонија Одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на Амандманот III на Уставот на Република Македонија, го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Амандманот III, молам да крене рака? (90 пратеник).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот III на Уставот на Република Македонија,.

Согласно член 131, став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ја прогласува измената на Уставот.

Предлогот на Одлуката за прогласување на Уставот на Република Македонија Ви е поделен.

Кој е за предлогот на Одлуката, молам да крене рака? (91 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Одлуката за прогласување на Амандманот III е донесена.

Дами и господа пратеници, дозволете ми да ја прочитам Одлуката што ја донесовме.

Ве молам да станете.

(Присутните во салата стануваат).

" Врз основа на член 131, став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 јуни 1998 година донесе Одлука за прогласување на Амандманот III на Уставот на Република Македонија.

Се прогласува Амандманот III на Уставот на Република Македонија што го усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 1 јули 1998 година".

Јас мислам дека ова заслужува аплауз после сите напори. (Аплауз).

Имаме уште една точка што претпоставува вакво мнозинство.

Тоа е точката 3 од оваа седница - Предлог за донесување на Закон за парнична постапка, со Предлог на закон.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (84 пратеници). (Аплауз).

Дали има некој против? (7 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за парнична постапка.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,35 часот).